РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

# И Н Ф О Р М А Ц И Ј А

за примена на Законот за извршување и извршен надзор над работата на извршителите за 2020 година

СКОПЈЕ, јуни 2021 година

## 1. В о в е д

Информацијата за примена на Законот за извршување и извршен надзор над работата на извршителите за 2020 година има за цел да ги презентира досегашните согледувања за ефектите од примената на Законот за извршување, со посебен осврт на резултатите од работата на извршителите од извршениот вонтеренски надзор и анализа на финансиската состојба на извршителите, извршените надзори над работата на извршителите, доставени предлози за поведување на дисциплински постапки и изречени дисциплински мерки, именување на извршители, спроведување на испити за извршители, како и соработката со Комората на извршители на Република Македонија.

Законот за извршување ("Службен весник на Република Македонија" бр. 35/05, 50/06, 129/06, 8/08, 83/09, 50/10, 83/10, 88/10, 171/10, 148/11 и 187/13) беше донесен во мај 2005 година, а започна да се применува од 26 мај 2006 година. Законот за извршување претставуваше најреформскиот закон во сферата на правосудниот систем на Република Македонија, со кој беше востановен системот на приватни извршители, кои како лица со јавни овластувања целосно го преземаа извршувањето од рацете на судовите и самостојно и независно одлучуваат за преземањето на сите потребни извршни дејствија во правец на успешна и брза реализација на правото воспоставено со извршната исправа.

Имплементацијата на законот покажа дека одредени законски решенија останаа недоречени, други пак праксата ги лоцираше како нефункционални, што предизвика различна примена и толкување од страна на извршителите и остави можност за различна примена при спроведување на извршувањето.

Од тие причини се донесе целосно нов Закон за извршување ("Службен весник на Република Македонија бр.72/16 и 146/16), во правец на прецизирање на законските одредби во делот на постапувањето на извршителите при спроведување на извршувањето, надминување на проблемите со различното постапување на извршителите и пропишување на јасни законски одредби во насока на ефикасно спроведување на извршувањето. Новиот Закон за извршување беше донесен во април 2016 година, но неговата примена започна од 01 јануари 2017 година. Новото законско решение наместо очекуваните подобрувања на системот на извршување, се покажа како генератор на бројни проблеми во бизнис заедницата, која веднаш реагираше со уставни иницијативи пред Уставниот суд. Притоа, Уставниот суд на Република Македонија со Одлука У.бр.143/2016 од 06.12.2017 година и Одлука У.135/2016 од 24.01.2018 година, укина голем дел од спорните членови односно сите одредби кои се однесуваат на вонсудската наплата на долгови како и одредбите за задолжителното составување на барање за извршување и приговор и жалба од страна на адвокат, кои одредби беа предмет на разгледување на работната група.

На тој начин се надминаа дел од проблемите кои беа актуелизирани од бизнис заедницата, но се создадоа други отворени прашања со укинувањето на дел од одредбите кои беше неопходно да се регулираат, а воедно се појави и потреба од соодветно реагирање на барањата на бројни групи граѓани за редефинирања и

ревидирање на системот на извршување, во правец на релаксирање на граѓаните во однос на извршувањето на комуналните сметки и сметките за другите услуги од јавен интерес.

За таа цел во 2017 година се започна, а во декември 2018 се заокружи процесот на измени на Законот од 2016-та година. Па така со Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување (,,Службен весник на РСМ“ бр.233/18), сите решенија преточени во одредбите на законот беа одраз на потребите од решавањето на постојните проблеми со кои се соочуваат доверителите, должниците и извршителите во пракса, а во крајна линија стопанството и граѓаните во полесниот пристап до остварувањето на нивните права и интереси како клучен сегмент на владеењето на правото во правната држава. Воедно се надминаа и отворените прашања кои произлегоа од укинувањето на дел од одредбите од страна на Уставниот суд на Република Македонија, а со законот се имплементираат и стратешките приоритети на државата определени во Стратегијата за реформа на правосудниот сектор, особено во правец на намалување на трошоците за граѓаните во сите постапки, вклучувајќи ја и прекршочната.

Како резултат на пандемијата со Ковид 19 и негативните последици кои резултираа со губење на работни места на граѓаните, а со цел олеснување на положбата на должниците физички лица, со Уредби со законска сила се интервенираше (,,Службен весник на РСМ“ бр.86/20, 103/20 и 156/20) во три наврати Законот за извршување беше суспендиран, при што законот беше суспендиран во првиот момент со исклучок на итните предмети, издадените налози врз сметките на должниците беа суспендирани во периодот на вонредната состојба и 30 дена по неа, проширени беа основите за изземање од извршување, а се воспостави исклучиво електронска комуникација со странките

2. Резултати од примената на Законот за извршување

2.1. Прилив на барања за извршувања

Во 2020 година извршителите на територијата на Република Македонија, примиле вкупно 101.360 барања за извршување, што во споредба со 2019 година (121.812 барања), претставува просечно намалување од 16,79 % на приливот на примените предмети.

Притоа намалувањето на приливот на предметите е евидентно на сите подрачја во споредба со 2019 година. Најголемо намалување на приливот на предметите е евидентен на подрачјето на Основните судови во Куманово, Крива Паланка и Кратово каде приливот на предмети е намален за 34%, потоа следи подрачјето на основите судови во Прилеп и Крушево каде приливот на предмети е намален за 27%, па подрачјето на Основниот суд во Тетово со намален прилив од 22%, подрачјето на Основните судови во Гостивар и Кичево и подрачјето на Основните судови во Гостивар и Кичево и Основните судови за Охрид, Сруга и Дебар со намалување од 20%, подрачјето на Основните судови во Штип и Свети Николе со намалување од 18%, па подрачјето Основниот граѓански суд Скопје и Основниот кривичен суд Скопје и со намалување од 14%, па подрачјето на Основните судови во Струмица и Радовиш со намалување од 11%, па подрачјето на Основните судови во Делчево, Берово, Виница и Кочани со намалување од 11%, па подрачјето на Основните судови во Битола и Ресен со намалување од 6%, па подрачјето на Основните судови во Велес, Кавадарци, Неготино и Гевгелија намалување од 6%.

Бројката на вкупно примените барања за извршување кај извршителите за изминативе 15 години достигна 1.547.205 предмети, од кои реализирани се 564.554 предмети или 36,48%, а нереализирани сеуште се над 982.651 предмети.

### 2.1.1. Достава на судски писмена

Извршителите се овластени да вршат лична достава на судските писмена согласно одредбите на Законот за парнична постапка. Во текот на 2020 година примени се 348 барања за достава на судски писмена, од кои извршителите успешно реализирале 138 барања, односно 40%.

## 2.2. Реализација на барањата за извршување

Во текот на 2020 година се намалува трендот на извршени барања во споредба со 2018 и 2019 година, при што извршителите реализирале вкупно 42.233 барања за извршување. Споредувајќи ги податоците со 2019 година кога се реализирани вкупно 57.065 предмети, има намалување на бројот на извршени предмети за 14.832 предмети, односно за -25,99%. Компарирано со 2018 година, бројот на реализирани извршни исправи во 2020 година исто така е намален за 31%.

Од вкупно реализираните предмети во 2020 година (42.233), 14.785 предмети биле примени во 2020 година, а останатите 27.448 се реализирани предмети од примените во претходните години.

Доколку се анализираат бројките на реализираните предмети, во однос на вкупно примените предмети во 2020 година или 101360 предмети, процентот на реализација на барањата за извршување во 2020 година достигнува 41,6%.

Во оваа извештајна година процентот на реализација на извршните исправи изразен по подрачја на кои се именувани извршителите само во две подрачја е во пораст и тоа за подрачјето на Основните судови во Куманово, Крива Паланка и Кратово за 5% и за подрачјето на Основните судови во Охрид, Струга и Дебар за 3%. Најголемо намалување има на подрачјето на Основните судови во Делчево, Берово, Виница и Кочани за 55%, по нив следи подрачјето на Основните судови во Велес, Гевгелија, Кавадарци и Неготино со намалување од 30%, па Основните судови во Струмица и Радовиш со 29% намалување, потоа подрачјето на Основните судови во Битола и Ресен намалување од 27%, потоа подрачјето на Основните судови во Прилеп и Крушево со намалување од 26%, потоа подрачјето на Основниот граѓански суд Скопје и Основниот кривичен суд Скопје и подрачјето на Основните судови во Штип и Свети Николе со намалување од 21%, потоа подрачјето на Основните судови во Гостивар и Кичево со намалување од 13% и за подрачјето на Основниот суд во Тетово со намалување од 8%.

2.2.1. Други начини на завршување на предметите во извршителските канцеларии

Освен успешно реализираните барања за извршување од страна на извршителите, бројката на завршени предмети во нивните канцеларии се намалува и по основ на запрени и прекинати извршувања. По овој основ во извршителските канцеларии завршило постапувањето по 10.952 предмети од кои 9.292 предмети се запрени по разни

основи од Законот за извршување и 1.660 предмети се прекинати извршувања. Исто така има 124 барања за извршување кои се одбиени.

### 2.2.2. Структура на реализираните барања за извршување

Во однос на реализираните барања за извршување карактеристично е тоа што во 2020 година поднесени се 217 барања за извршување за непарично побарување со што се зголемува бројот на барања за извршување поднесени за непарично побарување, во споредба со 2019 година кога бројот на поднесени барања за извршување за наплата на непарични побарувања изнесувал 20 и со 2018 година кога биле примени само 14 барања за извршување за непарично побарување.

### 2.2.3. Времетраење на извршувањето

Извршената анализа на времетраењето на извршувањето на предметите покажува, дека се намалува ефикасноста на извршувањето. Имено од реализираните 44.889 предмети, 13.083 предмети или 29% биле реализирани во рок до 3 месеци, 3.199 или 7,1% во рок од 3 до 6 месеци, 4.411 предмети или 9,8% во периодот од 6 до 12 месеци, а остатокот од 24.453 предмети односно 54,5% над 1 година. Ваквиот тренд укажува на фактот дека доколку должниците имаат парични средства, системот на извршување овозможува брза реализација на извршните исправи, но доколку таквите средства не се доволни за наплата на паричното побарување, се преминува кон другите начини на извршување, кои се подолготрајни, бидејќи се вршат по пат на продажби на подвижни и недвижни предмети преку јавни надавања, проценки и слично.

### 2.2.4.Наплатени средства од извршување за доверителите

Вкупниот износ на наплатени средства од извршување за доверителите, кој го прикажале извршителите во своите извештаи за работењето во текот на 2020 година изнесува 7.574.527.552,37 денари. (123.163.049,63 евра).

| Година | Примени барања | Реализирани | Процент на реализација | Наплатени средства во евра |
|---|---|---|---|---|
| 2006 | 6,335 | 2,750 | 43.41% | € 20,217,987.00 |
| 2007 | 30,098 | 12,102 | 40.21% | € 49,294,201.00 |
| 2008 | 40,141 | 14,332 | 35.70% | € 60,054,078.00 |
| 2009 | 58,516 | 22,901 | 39.14% | € 78,054,164.00 |
| 2010 | 67,297 | 35,607 | 36.76% | € 94,760,634.00 |
| 2011 | 73,570 | 30,668 | 42.65% | € 80,106,316.00 |
| 2012 | 164,055 | 33,384 | 25.74% | € 104,312,352.00 |
| 2013 | 141,115 | 38,205 | 33.96% | € 127,780,882.00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2014 | 159,575 | 49,452 | 30.99% | € 107,876,768.00 |
| 2015 | 154,522 | 52,457 | 33.95% | € 107,646,962.00 |
| 2016 | 227,836 | 54,720 | 24,02% | € 118,964,677.41 |
| 2017 | 88,723 | 56,163 | 63,30 % | € 166,224,905.97 |
| 2018 | 112,250 | 62,515 | 55,69% | € 126,966,895.41 |
| 2019 | 121,812 | 57,065 | 46,84% | € 123,255,351.58 |
| 2020 | 101.360 | 42.233 | 41,66% | € 123,163,049.63 |
| **Вкупно за 15 години** | 1.547.205 | 564.554 | **36,48%** | **1,488,679,224.01 €** |

Податоците од прикажаната табела јасно покажуваат дека средствата наплатени низ годините на функционирање на системот на присилно извршување преку извршителите, е значителен и надминува 1 милијарда и 400 милиони евра, кои повторно се влеал во економскиот ток на државата.

| р.б | Податоци од квартални извештаи за 2020 година | Вкупно 01.01.2020-31.12.2020 |
|---|---|---|
| 1 | Вкупен број на активни извршувања по барања за извршување од претходни периоди | 1.038,610 |
| 2 | Вкупно примени барања за извршување во кварталниот период | 101.360 |
| | 2.1 од физички лица | 8461 |
| | 2.2 од правни лица: | 90441 |
| | - доверители за побарувања кои произлегуваат од комунални услуги | 23819 |
| | - банки | 10685 |
| | - Јавни претпријатија | 8294 |
| | - Локална самоуправа | 374 |
| | - други правни лица | 28463 |
| | - судски паушали | 18848 |
| | 2.3 од државен правобранител- за државни органи (РМ) | 1866 |
| 3 | Структура на должници | 0 |
| | 3.1 физички лица | 84587 |
| | 3.2 правни лица | 13107 |
| | 3.3 државни органи | 3928 |
| 4 | Тип на барање за извршување (примени) | 0 |
| | 4.1 за наплата на парично побарување | 100728 |
| | 4.2 за непарично побарување | 217 |
| 5 | Вид на извршна исправа | 0 |
| | 5.1 домашни извршни исправи | 100628 |
| | извршна судска одлука и судско порамнување | 34586 |
| | извршна одлука и порамнување во управна постапка, ако гласат на исполнување на парична обврска | 299 |

| | | |
|---|---|---|
| | извршна нотарска исправа | 6452 |
| | заклучок на извршителот за утврдување на трошоците на извршувањето | 10 |
| | решение за издавање на нотарски платен налог | 51328 |
| | друга исправа која како извршна исправа е предвидена со закон | 7882 |
| | 5.2 странски извршни исправи | 2 |
| 6 | Реализирани извршни исправи - барања за извршување | 42233 |
| | 6.1 Од примените во кварталниот период | 14.785 |
| | 6.2 Од примените во претходните квартални периоди | 35685 |
| 7 | ПРОЦЕНТ НА РЕАЛИЗАЦИЈА | 14.58 |
| 8 | Времетраење на извршувањето | 0 |
| | 8.1 До 3 месеци | 13083 |
| | 8.2 Од 3 до 6 месеци | 3199 |
| | 8.3 Од 6 до 12 месеци | 4411 |
| | 8.4 Над 1 година | 24453 |
| 9 | Структура на реализирани извршни исправи според превземени дејствија за предмети примени во кварталниот период | 0 |
| | 9.1 Извршувања заради наплата на парично побарување | 9440 |
| | а) извршување врз сметка на должникот | 6247 |
| | б) извршување врз подвижни предмети | 330 |
| | в) врз парично побарување на должник | 2366 |
| | г) извршување врз побарување да се предадат или испорачаат подвижни предмети или да се предаде недвижност | 1 |
| | д) извршување врз хартии од вредност и врз удел во ТД | 1 |
| | ѓ) извршување врз други имотни права | 3 |
| | е) извршување врз недвижности | 8 |
| | ж) извршување на судски пенали | 0 |
| | 9.2 Извршувања заради остварување на непарично побарување | 24 |
| | а) испразнување и предавање на недвижности | 3 |
| | б) предавање и испорака на подвижни предмети | 0 |
| | в) обврска на дејствие, трпење или несторување | 2 |
| | г) враќање на работник на работа | 4 |
| | д) давање изјава на волја | 0 |
| | ѓ) спроведување на физичка делба | 0 |
| | е) продажба на предмети за кои не е можна физичка делба | 0 |
| | 19.3. Одбиени барања за извршување | 124 |
| 10 | Структура на реализирани извршни исправи според должници за предмети примени во кварталниот период | 0 |
| | 10.1. спрема физички лица | 2927 |
| | 10.2. спрема правни лица | 3926 |

| | | |
|---|---|---|
| | 10.3. спрема РМ | 2726 |
| 11 | Структура на реализирани извршни исправи според доверители за предмети примени во кварталниот период | 0 |
| | 11.1. спрема физички лица | 3570 |
| | 11.2. спрема правни лица | 5476 |
| | 11.3. спрема РМ | 533 |
| 12 | Вкупен број на побарувања | ден 17.290.373.999,65 |
| 13 | Вкупен износ на наплатени средства од извршување | ден 7.574.527.552,37 |
| 14 | Вкупен износ на наплатени средства по основ „Цена за администрирање“ | 25.101.632 |
| 15 | Вкупен износ на наплатени средства по основ „Превземени извршни дејствија“ | 191.948.716 |
| 16 | Вкупен износ на наплатени средства по основ „Награда за извршување“ | 205.084.293 |
| 17 | Вкупен износ на поврат на средства во кварталниот период | ден 131.499.970,00 |
| 18 | Сума на наплатените средства според должници | ден 0.00 |
| | 18.1 - од физички лица | ден 1.516.715.072,39 |
| | 18.2 - од правни лица | ден 5.503.336.634,98 |
| | 18.3 - од РМ | ден 580.095.121,00 |
| 19 | Сума на наплатените средства според доверите | 0 |
| | 19.1 - за физички лица | ден 948.358.595,50 |
| | 19.2 - за правни лица | ден 6.575.378.789,87 |
| | 19.3 - за РМ | ден 65.121.277,00 |
| 20 | Запрени предмети во кварталниот период | 716 |
| 21 | Запрени предмети од примени во претходни периоди | 8576 |
| 22 | Прекинати извршувања | 109 |
| 23 | Прекинати извршувања за предмети од претходни периоди | 1551 |
| 24 | Поднесени барања за распишување на потраги по моторни возила | 31 |
| 25 | Реализирани барања за распишување на потраги по моторни возила | 0 |
| 26 | Реализирани барања за распишување на потраги по моторни возила од претходни периоди | 0 |
| 27 | Број на примени барања за достава на судски писмена | 348 |
| 28 | Број на реализирани барања за достава на судски писмена | 138 |
| 29 | Број на реализирани барања за достава на судски писмена од претходни периоди | 110 |
| 30 | Број на примени предмети во кои се врши продажба на подвижни и недвижни предмети и спроведување на извршување врз други имотни права во стчајна постапка | 0 |
| 31 | Број на реализирани предмети во кои се врши продажба на подвижни и недвижни предмети и спроведување на извршување врз други имотни права во стчајна постапка | 0 |

| | | |
|---|---|---|
| 32 | Број на реализирани предмети во кои се врши продажба на подвижни и недвижни предмети и спроведување на извршување врз други имотни права во стчајна постапка од претходни периоди | 0 |
| 33 | Број на предмети во врска со доверени работи од судот | 0 |
| 34 | Број на реализирани предмети во врска со доверени работи од судот | 0 |
| 35 | Број на реализирани предмети во врска со доверени работи од судот од претходни периоди. | 0 |
| 36 | Број на примени барања за преземање дејствија за обезбедување на материјални докази како доверена работа од судот | 0 |
| 37 | Број на реализирани предмети за обезбедување на материјални докази како доверена работа од судот | 0 |
| 38 | Број на реализирани предмети за обезбедување на материјални докази како доверена работа од судот од претходни периоди | 0 |
| 39 | Примени барања за вонсудска наплата на долгови | 0 |
| 40 | Реализирани барања за вонсудска наплата на долгови | 0 |
| 41 | Реализирани барања за вонсудска наплата на долгови во кварталниот период примени во претходни периоди | 145 |

Анализата на податоците за структурата на наплатените средства според доверители укажуваат на тоа дека процентот на наплата за Република Северна Македонија како доверител, останува ниска со само 0,8%, односно наплатени се 65.121.277,00 ден. (1.058.883,55 евра). Ова не е загрижувачки податок ако се има предвид дека државата има поднесено само 1866 барања за извршување во 2020 година, што изнесува само 1,8% од сите поднесени барања за извршување пред извршителите. Притоа треба да се има предвид, дека државата како доверител се јавува како странка само во граѓанските спорови, бидејќи целокупното друго присилно извршување по основ на изречени парични казни и трошоци во корист на Република Македонија во сите судски и управни постапки се спроведува според Законот за даночна постапка преку Управата за јавни приходи. Наспроти тоа пак одливот на средства по основ на извршување спрема Република Македонија како должник е 7,6% или 580.095.121,00 ден. (9.432.440,99 евра).

Најбројни доверители чии барања за извршување се реализирани и понатаму остануваат правните лица со 89%, а по нив следуваат физичките лица со 11%.

Во структурата на должници во однос на реализираните средства учествуваат во најголемиот дел правните лица со 72,6%, потоа физичките лица со 20% од наплатените средства и Република Македонија со 7,66%

Извршителите во Република Македонија во 2020 година по основ на данок на додадена вредност (ДДВ) платиле 131.499.970,00 ден. кои се слеале во Буџетот на РМ. Ако кон ова се земе предвид и бројката на вкупно вработени во извршителските канцеларии- лица, големината на деловниот простор и техниката која се користи во извршителските канцеларии и секако процентот на реализацијата и наплатените парични средства, а од друга страна фактот, дека државата за функционирање на целокупниот

систем на извршување не троши никакви средства, несомнена е оценката дека резултатите од функционирањето на системот на приватното извршување се повеќе од задоволителни.

### *3.Анализа на финансиската состојба на извршителите*

Извршителите во Република Македонија, согласно член 56 став (2) од Законот за извршување, имаат обврска да достават годишен писмен извештај до Комората на извршители за своето работење во претходната година, најдоцна до 15 март во тековната година, во кој го наведуваат вкупниот број на примени барања за извршување, вкупниот број на реализирани извршни исправи од примените во извештајната година, вкупниот број на реализирани извршни исправи, износ на наплатени средства за надоместок за обработка на предмет, трошоци за преземени дејствија и награда за реализирани извршни исправи, износ на трошоците за работењето на извршителот и остварената нето добивка на извршителот. Извршителите доставуваат кон извештајот и копија од завршната сметка доставена до Управата за јавни приходи.

Според член 56 став (3) од Законот за извршување, Комората на извршители до Министерството за правда, секоја година најдоцна до 1 април доставува збирен годишен извештај со податоци за финансиското работење на сите извршители.

За потребите на анализата изготвен е Збирен извештај за финансиското работење на извршителите во текот на 2011, 2012, 2013, 2014, 2015, 2016, 2017, 2018, 2019 и 2020 година кој заради обемноста е прикачен засебно како Прилог 1 кон Информацијата.

Во продолжение на оваа Информација, следуваат коментари на извршените споредби на податоците за 2020 со 2019 и 2018 година. Ова е направено со цел да се добие реална слика за тековите на извршувањето која беше нарушена со една законска одредба во 2016 година, и која во 2017 година прикажа нереални состојби. Имено со Законот беше предвидена обврска за извршителите да доставуваат податоци само за извештајниот период, што компарирано се финансиските податоци од нивните завршни сметки, создаде искривена слика за работењето на извршителите. Таквиот проблем беше детектиран уште во 2017 година (кога беа прикажани екстремно ниски финансиски резултати кои не соодведствуваа со завршните сметки) кој е целосно отстранет со измените од декември 2018 година. Токму заради тоа компарациите се вршени со 2 претходни години, кои овозможуваат стекнување на реална слика за финансиското работење на извршителите. **Анализите на доставените податоци укажуваат на следните состојби:**

**3.1. Вкупниот износ на приходи на извршителите** по основ на наплатена цена за администрирање, преземени извршни дејствија и награда за 2020 година изнесува 422.134.642,00 денари. Споредбата на податоците за 2020 година со 2019 година кога по овие основи се наплатени 577.537.172,00 денари укажува на фактот дека извршителите во 2020 година оствариле 26,91% помалку приходи.

**3.1.1. Притоа на име цена за администрирање** или надомест за обработка на предметот наплатиле износ од 25.101.632,45 денари. Во 2020 година споредбено со 2019 година кога

извршителите по овој основ наплатиле 32.873.970,00 денари, извршителите оствариле помалку приходи по основ на цена за администрирање за 23% што најверојатно се должи на намалениот прилив на предмети од 16%. Во споредба со 2016 година (кога имаше рекорден прилив на предмети од 227.836 предмети) има намалување на наплатените средства по основ на цена за администрирање за 2,5 пати.

**3.1.2. Износот на наплатени средства по основ на преземени извршни дејствија** од 191.948.716.,00 денари, споредeн со 2019 година кога по овој основ наплатиле 289.997.990,00 денари, укажува дека извршителите наплатиле 33% помалку по овој основ во споредба со претходната година, што исто така се должи на намалениот прилив на предмети. Во споредба со 2016 година кога по овој основ извршителите имаа наплатено 311.453.101, има намалување на наплатените средства по основ на преземени дејствија за 38%.

**3.1.3**. **Износот на наплатени средства по основ на наплатената награда од 205.084.293,00 денари** споредeн со 2019 година кога по овој основ извршителите наплатиле 254.665.211,00 денари, укажува дека извршителите во 2020 година наплатиле 19% помалку парични средства во споредба со претходната година. Во споредба со 2016 година кога извршителите по овој основ наплатиле 237.531.917,00 денари, има намалување на наплатени средства по овој основ од 13%.

**3.2. Вкупно остварени приходи на извршителите по завршна сметка**

Во 2020 година извршителите оствариле вкупно приходи по завршна сметка во износ од 539.161.847,00 денари, што претставува намалување на приходите на извршителите по завршна сметка за 24% во споредба со 2019 година кога извршителите по овој основ оствариле вкупен приход од 708.867,940,00 денари.  Во споредба со 2016 година кога по овој основ извршителите наплатиле 752.319.408 денари, има намалување од 28% на вкупно остварените приходи по завршна сметка.

3.2.1 Најнизок бруто приход по завршна сметка оствариле извршителите на подрачјето на Основниот суд во Прилеп и Основниот суд во Крушево и тоа во вкупен износ од 16.295.886,00 денари.

3.2.2. Највисок бруто приход по завршна сметка и понатаму остваруваат извршителите на подрачјето на Основните судови Скопје 1 и Скопје 2 и тоа во вкупен износ од 245.657.011,00 денари. Притоа во просек остварени се 7.225.206,00 денари по извршител, што претставува намалување на приходите за 24% во споредба со приходите остварени во 2019 година, кога овој просек бил 9.521.277,00 денари по извршител.

**3.3. Вкупно Нето приходи по завршна сметка**

Во 2020 година извршителите оствариле вкупно нето приход по завршна сметка во износ од 141.766.051,00 денари, што претставува намалување на вкупните нето приходи

по завршна сметка за 29%, во споредба со 2019 година кога по овој основ извршителите оствариле вкупен износ од 196.141.660,00 денари. Во споредба со 2016 година кога извршителите по овој основ оствариле 257.690.635,00 денари има намалување од 45% на нето приходите на извршителите по завршна сметка.

Најголемо намалување по овој основ има на подрачјето на Основните судови во Прилеп и Крушево за 66%, потоа подрачјето на Основните судови во Охрид, Струга и Дебар за 35%, на подрачјето на Основните судови Велес, Гевгелија, Кавадарци и Неготино и подрачјето на Основниот суд во Тетово за 33%, потоа на подрачјето на Основниот граѓански суд Скопје и Основниот кривичен суд Скопје за 32%, потоа на подрачјето на Основните судови во Битола и Ресен за 24%, на подрачјето на основните судови во Струмица и Радовиш за 20%, на подрачјето на Основните судови во Куманово, Кратово и Крива Паланка за 18%, на подрачјето на основните судови во Штип и Свети Николе за 13%, на подрачјето на основните судови во Делчево, Берово, Виница и Кочани за 11%. На подрачјето на Основните судови во Гостивар и Кичево нема промена во остварените нето приходи на извршителите, со претходната година.

**3.3.1. Најниски нето приходи по завршна сметка во 2020 година** прикажале извршителите на подрачјето на Основните судови во Прилеп и Крушево и тоа 1.405.891,00 денари, кои ако се распределат на 6–те извршители од тоа подрачје се доаѓа до просечниот чист приход од 234.315,00 денари односно во споредба со 2019 година, забележително е намалување од 64% на нето приходите по завршна сметка на извршителите од подрачјето на Основните судови во Прилеп и Крушево.

### 3.4. Вкупно остварени приходи по извршител

Од добиените податоци, се констатира дека на сите подрачја на основните судови има намалување на вкупно остварените приходи по извршители. Вкупно остварениот приход по извршител во Република Македонија во 2020 година, изнесува 5.234.581,00 денари, што во споредба со 2019 година кога извршителите оствариле просечен приход по извршител од 7.160.282,00 денари има намалување од 26%. Во споредба со 2016 година кога извршителите по овој основ оствариле вкупно 7.375.680,00 денари, има намалување од 29% на вкупно остварениот приход по извршител.

Најголемо намалување на приходите на извршителите е забележано на подрачјето на Основните судови во Охрид, Струга и Дебар за 50%, потоа на подрачјето на Основните судови во Прилеп и Крушево за 48% и подрачјето на Основните судови во Куманово, Кратово и Крива Паланка за 44%.

Најмалку намалување на приходите по извршител има на подрачјето на Основниот суд во Тетово од 1% и подрачјето на Основните судови во Штип и Свети Николе за 9%.

**3.4.4.** Податоците од завршните сметки на извршителите за 2020 година, покажуваат високи расходи на извршителите во однос на приходите и изнесуваат 380.029.550,00 денари, односно 70% од вкупно остварените приходи по завршна смета. Во претходната 2019 година извршителите во завршните сметки прикажале вкупни расходи во износ од 473.568.538,00 денари, односно 67% во однос на приходите. Во

споредба со 2016 година кога извршителите прикажале вкупни расходи од 269.853,848, се констатира зголемување на трошоците од 30%, во услови кога има намалување на бројот на вработените во канцелариите на извршителите.

И понатаму продолжува трендот на континуирано екстремно високи трошоци на работење кај еден мал дел од извршителите. Притоа истите реализираат исклучително високи бруто приходи, екстремно големи трошоци во работењето кои го достигнуваат и бруто приходот, со што прикажуваат екстремно мали нето приходи. Прикажаните податоци и анализи се темелат на финансиските извештаи на извршителите поминати преку Управата за јавни приходи за 2020 година, како и за изминатите години. Министерството за правда смета дека е неопходно Управата за јавни приходи да направи соодветна анализа на податоците на извршителите искажани во нивните годишни сметки, бидејќи ваквите податоци ја извитоперуваат целокупната слика за финансиските ефекти од работењето на извршителите (приходи/добивка) што може да наведат кон креирање на погрешни политики во сферата на извршувањето.

### *4. Именување на извршители*

Бројката на извршители која е определена на 132 со Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за определување на бројот на извршители за подрачјето на основниот суд и утврдување на критериуми за бројот и распоредот на службените седишта на извршители на подрачјето на Република Македонија (“Службен весник на Република Македонија” бр.146/07), и понатаму остана непополнета.

Согласно член 32 став (4) од новиот Закон за извршување бројот на извршителите за подрачјето на основниот суд со Одлука го определува министерот за правда врз основа на претходно прибавена согласност од Владата на Република Македонија.

Во оваа извештајна година вкупниот број на извршителите е 99 извршители, при што на четворица извршители им престана должноста поради исполнување на услови за старосна пензија. Решението за престанок на еден извршител сеуште не е правосилно, од причина што извршителот против решението за престанок на должноста извршител, поднесе тужба до надлежниот Управен суд. Во канцелариите на извршителите во Република Македонија во 2020 година, бројот на вработените лица продолжи со опаѓање и изнесувал 351 не вклучувајќи ги извршителите. Ако се компарираат бројките на вработените со 2015 (526) и 2017 (520), падот на вработените е драматичен (34%), и најверојтно се темели на намалената тарифа во 2018 година, со која сериозно се намалија приходите на извршителите.

Во текот на 2020 година именувани се двајца нови извршители.

### *5. Извршени надзори над работата на извршителите во 2020 година*

Министерството за правда врши редовен и вонреден надзор над работата на извршителите, односно Комората според месечен план за надзор кој содржи листа на извршители над чија работа се врши надзор во текот на месецот. Со измените и дополнувањата на Законот за извршување од декември 2018 година воведен е и вонреден теренски надзор над работата на извршителите и Комората на извршители на РМ по претставка од странка, трето лице или учесник во постапката, по барање на претседателот на суд, државен орган или правно лице, за конкретен предмет.

Во 2020 година Министерството за правда изврши 33 надзори над работата на извршители. Врз основа на констатираните состојби од извршените надзори, Министерот за правда поднесе 3 предлози за поведување на дисциплинска постапка за дисциплинска одговорност на извршители до Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РСМ. Од страна на Претседателот на Комората на извршители на РМ како овластен предлагач за поведување на дисциплинска постапка во текот на 2020 година не се поднесени предлози за поведување на дисциплинска постапка како и претседателот на основниот суд како овластен предлагач на дисциплинска постапка нема поднесено ниту еден предлог.

По поднесените предлози од претходната година, Дисциплинската комисија на Комората на извршители во 2020 година изрече една дисциплински мерки парична казна и една одлука со која е одбиен предлогот за поведување на дисциплинска постапка. За предлозите за поведување на дисциплинска постапка поднесени во 2020 година, Комората ќе одлучува во 2021 година.

Министерството за правда преку Секторот за надзор над работењето на извршителите, нотарите и медијаторите, преку вршење на надзорот над работењето на извршителите врши воедначување и унифицирање во постапувањето на извршителите согласно Законот за извршување и подзаконските акти кои ги применуваат во нивното работење.

Табела за поднесени дисциплински предлози и донесени одлуки од Дисциплинската комисија на КИРМ

| Предлози за дисциплинска постапка поднесени од Министерството за правда во 2020 година | Предлози за дисциплинска постапка поднесени од Претседателот на КИРМ во 2020 година | Број на дисциплински одлуки од претходни години | Изречени дисциплински мерки | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Парична казна | Јавна опомена | Привремено одземање на правото за вршење на должноста извршител | Одбиени предлози |
| **3 (ќе се одлучува во 2021 година)** | **0** | **2** | **1** | **0** | **0** | **1** |

## 6. Испит за извршители

Со донесувањето на Закон за изменување и дополнување на Законот за извршување од 2018 година, се напушти концептот на електронско полагање на испитот за извршители, бидејќи електронското полагање се покажа како неквалитетно и неефикасно, а во правец на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор, каде е предвидено целосно укинување на овој начин на полагање.

Во 2020 година поради КОВИД мерките, одложени беа априлска, јунска и септемвриска испитна сесија, а одржана беше само една испитна сесија -декемврискaта при која испитот за извршители го положиле 3 кандидати од пријавените 5 . Интересот за

извршителската дејност опаѓа, и екстремно мал број на лица се јавуваат за полагање на овој испит, што создава сериозен проблем во делот на заменици извршители. Имено и 15 години по примената на Законот за извршување, сеуште не е достигната минималната бројка на двојно положени лица од пропишаните извршителски места, со што преодната одредба од член 264 сеуште е на сила и создава сериозни проблеми во услови на разрешени извршители и нивна замена од други извршители.

### *7. Комора на извршители на Република Македонија*

Согласно Законот за извршување Комората на извршители на Република Македонија (КИРМ) претставува професионална организација на извршителите во која задолжително членуваат извршителите и замениците извршители во државата. Комора на извршители на Република Македонија се грижи за угледот и честа на вршењето на должноста извршител, совесно и во согласност со закон.

Во однос на соработката на Комората на извршители со Министерството за правда, мора да се потенцира мегусебната доверба во намерите за создавање на подобар систем за извршување. Министерството за правда не само што врши надзор над работењето на извршителите, туку и постојано соработува со Комората на извршители во правец на разрешување на проблеми со кои се соочуваат извршителите во примената на Законот за извршување, преку учество на претставници од Комората на извршители во Работните групи за изготвување на нов Закон за извршување и подзаконски акти, како и преку постојани консултации за решавање на проблеми при вршењето на извршителската должност.